

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец мај 2017

7.6.2017

Сектор за инвестиции

NLB Нов пензиски фонд

## Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Охридска Банка АД Скопје | 3 |
| 2. | Фершпед АД Скопје | 7 |
| 3. | Прилепска Пиварница АД Прилеп | 10 |

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец мај 2017 година, се одржаа акционерски собранија на **Охридска Банка АД Скопје, Фершпед АД Скопје и Прилепска Пиварница АД Прилеп**. Компании во кои ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. Охридска Банка АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус, за кои Друштото има обврска за задолжително присуство.

**I. Охридска Банка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Охридска Банка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,26%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,18%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 11.05.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието,<br>2. Избор на работни тела:<br>- Избор на претседавач<br>- Записничар (нотар) и комисија за броење на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел<br>2. Усвојување на Записникот од XXXVI седница на Собранието на акционери на Банката<br>3. Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката<br>4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со: Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно | |

| | |
|---|---|
| | 5. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година со писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со: Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година и писмено мислење.<br>6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со: Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска Банка АД за 2016 година и писменото мислење.<br>7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, со: Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, и Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје со годишната сметка за 2016 година.<br>8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска Банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година<br>9. Предлог- одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска Банка АД Скопје<br>10. Предлог-одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје<br>11. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на органите на Охридска Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија). |
| *Претставници на Собранието* | Коста Ивановски |

**I. Охридска Банка АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Охридска Банка АД Скопје се одржа на 11.05.2017 година со почеток во 14 часот во Хотел „Мериот“, ул. Плоштад Македонија бр. 7, Скопје.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Охридска Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието,
2. Избор на работни тела:
   - Избор на претседавач
   - Записничар (нотар) и комисија за броење на гласови

**Претставникот гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел

2. Усвојување на Записникот од XXXVI седница на Собранието на акционери на Банката

3. Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката

4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со:
   Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно

   **Претставникот гласаше ЗА**

5. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година со писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:
   Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година и писмено мислење.

   **Претставникот гласаше ЗА**

6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:
   Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска Банка АД за 2016 година и писменото мислење.

   **Претставникот гласаше ЗА**

7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, со:
   Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје за 2016 година, и
   Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска Банка АД Скопје со годишната сметка за 2016 година.

   **Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска Банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година
   **Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог- одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска Банка АД Скопје

   **Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог-одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на органите на Охридска Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија).

**Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Охридска Банка АД Скопје:**

Пред почетокот на собранието се верифицираа присутните акционери и се потврди исполнетоста на условите за одржување на акционерското собрание на Охридска банка АД Скопје. На собранието учествувааа акционери со учество од 78,09% од акционерскиот капитал.

На ова собрание пред акционерите се обрати Претседателот на Управниот одбор на банката, Г-ѓа Бранка Павловиќ која најпрво го истакна резултатот на Societe General групацијата на светско ниво со нето профит 4,1 милијарда евра во 2016 година. Условите за работа во 2016 година во Македонија таа ги услови како предизвикувачки, со акцент на политичката криза и воздржувањето од вложувањето од страна на реалниот сектор. Фокусот на менаџментот во 2016 година била модернизацијата, ефикасноста и иновативноста при што ги истакна: дигиталниот канал „Моја Банка“ кој успеал за кратко време да има 2500 корисници, како и хипотекарните кредити со фиксна каматна стапка до 2030 година. Кредитите во 2016 година пораснале за 10,7%, додека пазарниот удел им пораснал од 8,3% во 2015 на 9,1% во 2016 година, со вкупен износ од 25,5 милијардни денари. Сепак, таа го потенцираше проблематичниот старт на 2017 година со два големи клиенти кои имаат проблеми со сервисирање на својот долг и кои имаат потенцијал да имаат голем импакт врз нето добивката во 2017 година. Дополнително негативно влијание се очекува од имплементацијата на сметководствениот стандард МСФИ9, кој ќе значи потреба од зајакнување на капиталот на Банката.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски Фонд АД Скопје гласаше **ЗА** по сите точки од работниот дел.

Собранието на акционери ја донесе одлуката за распределба на дел од добивката како дивиденда, односно се изгласа одлука за исплата на бруто дивиденда во вредност од 99 денари по акција (во 2016 година се исплати бруто дивиденда од 91 денар).

На собранието се презентираа извештаите на Надзорниот одбор, Одборот за ревизија, Годишниот извештај за работењето на Банката и Годишниот извештај за активностите на внатрешната ревизија. Акционерите на собранието ја усвоија Годишната сметка и Финансиските извештаи.

Во ревидираните финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје ревизорот даде позитивно мислење, истакнувајки дека истите се изготвени соглсно сметководствените стандарди во Македонија и објективно ја претставуваат состојбата во Банката. Во текот на 2016 година Охридска банка АД Скопје оствари раст на нето приходите од камата од 16,56%, раст на нето приходите од провизии и надоместоци од 3% во однос на 2015 година. Нето добивката изнесуваше 437 милиони денари и е за 9% повисока во однос на нето добивката во 2015 година.

Откако беа изгласани сите точки од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи Годишното акционерско собрание на Охридска банка АД Охрид за затворено.

## 2. Фершпед АД Скопје

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**II. Фершпед АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Фершпед АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,18%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,10%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 25.05.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>Избор на претседавач со Собранието;<br>Записничар<br>Избор на бројачи на гласови<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2016 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2016 година.<br>2. Донесување одлука за распределба на добивката по оданочување за 2016 година.<br>3. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од Надзорниот одбор за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2016 година.<br>4. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2016 година.<br>5. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2016 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2016 година.<br>6. Донесување на одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото, за 2016 година.<br>7. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2017 година. | |

| | |
|---|---|
| | 8. Донесување на одлука за измена на Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје<br>9. Донесување одлука за отуѓување на сопствените акции. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Фершпед АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Фершпед АД Скопје се одржа на 25.05.2017 година со почеток во 12 часот во просториите на Хотел "Александар Палас" на бул. 8-ми Септември бр.15 во Скопје

Претставникот на НЛБ Нов пензиски Фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Фершпед АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

Избор на претседавач со Собранието;
Записничар
Избор на бројачи на гласови

**Претставникот гласаше ЗА**

**Работен Дел**

1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2016 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

2. Донесување одлука за распределба на добивката по оданочување за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

3. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од Надзорниот одбор за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

4. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

5. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2016 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

6. Донесување на одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото, за 2016 година.

**Претставникот гласаше Против**

7. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2017 година.

**Претставникот гласаше Пторив**

8. Донесување на одлука за измена на Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје

**Претставникот гласаше Против**

9. Донесување одлука за отуѓување на сопствените акции.

**Претставникот гласаше Против**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Фершпед АД Скопје:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Фершпед АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 69,4% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

За финансиските извештаи, поединечни и консолидирани, ревидирани од овластен ревизор, претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје гласаше Против. Во извештаите ревизорот дал мислење со резерва и образложени за основите за ваквото мислење, односно упатил на повеќе ставки во извештаите кои не се конзистентни со стандардите за сметководственото известување.

Преставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје гласаше Против и одобрувањето на Годишната сметка, Извештајот на Надзорниот Одбор и Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје.

Од страна на претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје **не** беше подржана ни Одлуката за одобрување на работата на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Друштвото. Преставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје гласаше против сите точки од Работниот дел.

Останатите акционери кои поседуваа 10.738 акции и претставуваа 95% од присутните акционери со право на глас, гласаа ЗА по сите точки од Работниот дел.

Во текот на 2016 година групацијата Фершпед АД Скопје оствари приходи од продажба во вредност од 3.288 милиони денари, и беа на приближно исто ниво со приходите остварени во 2015 година. Како резултат на пониски финансиски трошоци нето загубата забележана во 2015 година (нето загуба од 120 милиони денари), беше заменета со нето добивка од 1,2 милиони денари.

Откако беше исцрпен дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

## 3. Прилепска Пиварница АД Прилеп

### 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус, за кои Друштото има обврска за задолжително присуство.

**III. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Прилепска Пиварница АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **5,56 %** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,36%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 29.05.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>- Отворање на Седницата на Собранието<br>- Избор на Претседавач на Собранието<br>- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица,<br>Носење Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица<br>2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година<br>Носење Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година<br>3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година.<br>Носење Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година | |

| | |
|---|---|
| | 4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2016 година<br>Носење Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2016 година.<br>5. Разгледување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година<br>Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД Прилеп<br>6. Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2016 година<br>7. Предлог – Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2016 година (дивиденден календар)<br>8. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2016 година<br>9. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2016 година<br>10. Носење на Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2017 година. |
| *Претставници на Собранието* | Петар Талески |

**III. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Прилепска Пиварница АД Прилеп се одржа на 29.05.2017 година со почеток во 15:00 часот во просториите на Друштвото ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, Прилеп.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски Фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Прилепска Пиварница АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на Претседавач на Собранието
- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица,

Носење Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од ТП Ревизија Трејд Витанов Струмица

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година

   Носење Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година.

   Носење Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2016 година

   Носење Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2016 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2016 година

   Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД Прилеп

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог – Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2016 година (дивиденден календар)

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД – Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2016 година

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Носење на Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2017 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Прилепска Пиварница АД Прилеп:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп, се пристапи кон избор на Работните тела. На собранието учествуваaa акционери со учество од 79,01% од акционерскиот капитал.

На акционерското собрание се презентираа Годишниот извештај, извештајот на Надзорниот одбор, ревидираните финансиски извештаи, но и годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија. На собранието се гласаше и за избор на овластен ревизор, како и одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор. Присутните акционери ја усвоија предлог- одлуката за исплата на дивиденда во бруто износ од 428,50 денари по акција.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски Фонд АД Скопје гласаше **ЗА** по сите точки од работниот дел.

Точките од Дневниот ред беа усвоени од страна на сите акционери присутни на ова акционерско собрание.

Во ревидираните финансиски извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп, ревизорот има изразено позитивно мислење, истакнувајќи дека се изготвени согласно сметководствени стандарди и објективно ја презентираат материјалната и финансиска состојба на компанијата. Во текот на 2016 година, Прилепска пиварница АД Прилеп оствари пораст на приходите за 3% во однос на приходите остварени во 2015 година, а нето добивката изнесуваше 156 милиони денари.

Во делот на билансот на состојба вкупните средства растат за 6,7%, како резултат на растот на материјалните средства (инвестиции во опрема, земјиште, транспортни средства) и раст на депозитите. Компанијата на 31.12.2016 година располага со депозити во вредност од 860 милиони денари и парични средства од 141 милион денари. Прилепска Пиварница АД Прилеп нема обврски по кредити и заеми, а единствени обврски претставуваат обврските спрема добавувачите и обврски за даноци.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.